# Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

# З А П И С Н И К

***Од 26-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 25.11.2019 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 9:05 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 Советници на седницата присуствуваа 15 Советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански Влатко Буровски и Александар Чамовски и Јованка Василевска Петрушева.

На седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот во одделението за општи и правни работи Емилија Ваканска и Соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности Биљана Каламадевска и Раководителот на Одделението за урбанизам во Општина Берово, Мишо Догазански.

Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, за работа на 26-та Седница на Совет го предложи следниот:

## ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записник од 25-тата Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;
3. Предлог Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;
4. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВЛАДИМИРОВО“, и Разработка на блок 10, Општина Берово;
5. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РУСИНОВО“, и Разработка на блок 1, Општина Берово;
6. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РАТЕВО“, и Разработка на блок 10, Општина Берово;
7. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДВОРИШТЕ“, - и Разработка на блок 7, Општина Берово;
8. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4500 КО Митрашинци - за Ладомир Златановски од Митрашинци;
9. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за локалитет Суви Лаки за КП 9753, КО Русиново - за Јовчо Коцев од Струмица;
10. РЕШЕНИЕ за номинирање на член на Управен одбор при Меѓуопштински Центар за социјални работи Берово, вработен во општинската администрација;
11. РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-Р ИВАН ВЛАШКИ” Берово;
12. Барања од институции и граѓани;
13. Советнички иницијативи и прашања.

Претседателот на Совет на Општина Берово, отвори расправа по предложениот дневен ред. Бидејќи никој не се јави за збор, го стави на гласање дневен ред. Со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** за работа на 26-тата Седница на Совет на Општина Берово е усвоен следниот :

**Дневен ред**

1. Усвојување на Записник од 25-тата Седница на Совет на Општина Берово;
2. Предлог ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;
3. Предлог Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;
4. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВЛАДИМИРОВО“, и Разработка на блок 10, Општина Берово;
5. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РУСИНОВО“, и Разработка на блок 1, Општина Берово;
6. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РАТЕВО“, и Разработка на блок 10, Општина Берово;
7. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДВОРИШТЕ“, - и Разработка на блок 7, Општина Берово;
8. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4500 КО Митрашинци - за Ладомир Златановски од Митрашинци;
9. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за локалитет Суви Лаки за КП 9753, КО Русиново - за Јовчо Коцев од Струмица;
10. РЕШЕНИЕ за номинирање на член на Управен одбор при Меѓуопштински Центар за социјални работи Берово, вработен во општинската администрација;
11. РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-Р ИВАН ВЛАШКИ” Берово;
12. Барања од институции и граѓани;
13. Советнички иницијативи и прашања.

1. ***Усвојување на Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоен *Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово.*

2. ***Предлог ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Градоначалникот Звонко Пекевски, кој дава појаснување по точката на дневен ред дека по насока на ЕУ, проширено е на источно и североисточно плански да се собира губрето од двата региона. Во тек е згаснување на постојното претпријатие и формирање на ново и од тие причини потребно е да се пристапи кон донесување на акти со цел да се спроведе потребната постсапка. Овие акти се усогласуваат на ниво на Министерство и потребно е општините да ги донесат.

За збор се јави советникот Предраг Монев, кој истакнува дека веќе кружат муабети за претоварната станица па би било добро советниците да бидат запознаени каде истата ќе биде поставена. На ова одговара Градоначалникот Пекевски, дека многу порано од претставници од Министерството одржале координативен состанок, за кој немало заинтересираност, па така од општинската администрација се понудени 2 локации, од кои е изберена поповолната. Претоварната станица би била на регионалниот пат во с. Смојмирово. Повикани се мештаните на состанок и дозволено првично предвидената локација да се помести во радиус од 1 км. Местото е прифатено од Министерството за животна средина и неелно е поприфатливо од мештаните од првичната локација и нема можност повеќе да се менува.

По појаснувањето и одговорот на прашањата од страна на Градоначалникот на Општина Берово, Претседателот на Совет, ја стави на гласање предлог одлуката и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена ***ОДЛУКА за воспоставување на меѓуопштинска соработка за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад.***

***3. Предлог Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена ***Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад.***

***4. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВЛАДИМИРОВО", и Разработка на блок 10, Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред и истакна дека намерно не е одржана комисија со цел сите Советници да присуствуваат на образложението на плановите со цел да знаеме што донесуваме и до каде е опфатот на иситите. Потоа следуваше презентација од страна на Раководителот на Одделението за урбанизам, кој истакна дека законска обврска на секоја општина е да донесе урбанистички план. За селата до сега немало графички планови и катастерската парцела претставувала и градежна парцела. После тоа следуваше детална презентација за опфатот на урбанистичкиот план за с. Владимирово. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена ***ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ВЛАДИМИРОВО", и Разработка на блок 10, Општина Берово.***

***5. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РУСИНОВО", и Разработка на блок 1, Општина Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, следуваше детална презентација на опфатот на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РУСИНОВО, по што е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РУСИНОВО", и Разработка на блок 1, Општина Берово*.

***6. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РАТЕВО", и Разработка на блок 10, Општина Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, следуваше детална презентација на опфатот на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РАТЕВО, по што е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО РАТЕВО“, и Разработка на блок 10, Општина Берово*.

***7. ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДВОРИШТЕ“, - и Разработка на блок 7, Општина Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, следуваше детална презентација на опфатот на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДВОРИШТЕ, по што е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *ОДЛУКА за донесување на „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДВОРИШТЕ“, - и Разработка на блок 7, Општина Берово.*

***8. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4500 КО Митрашинци - за Ладомир Златановски од Митрашинци;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен е Советникот Фидански, е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4500 КО Митрашинци - за Ладомир Златановски од Митрашинци*.

***9. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за локалитет Суви Лаки за КП 9753, КО Русиново - за Јовчо Коцев од Струмица;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници**, е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за локалитет Суви Лаки за КП 9753, КО Русиново - за Јовчо Коцев од Струмица.*

***10. РЕШЕНИЕ за номинирање на член на Управен одбор при Меѓуопштински Центар за социјални работи Берово, вработен во општинската администрација;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која прдлага за член на Управниот одбор при Меѓуопштински Центар за социјални работи Берово од општинската администрација да биде Биљана Марковска. Бидејќи немаше друг предлог, Претседателот на Совет, го стави на гласање предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска и со **9 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено Биљана Марковска да биде член на Управен одбор при Меѓуопштински Центар за социјални работи Берово, вработен во општинската администрација.

***11. РЕШЕНИЕ за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-Р ИВАН ВЛАШКИ" Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која прдлага на местото на Венко Чамевски, член на Управен одбор да биде Руменка Дујовска. Претседателот на Совет, го стави на гласање предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои**

**гласала ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници**, е усвоено Руменка Дујовска да биде член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-Р ИВАН ВЛАШКИ" Берово.

***12. Барања од институции и граѓани;***

- По барање од ПИНГ ПОНГАРСКИ КЛУБ Берово, Советот донесе Заклучок, службите при Општина Берово да се произнесат дали општината располага со просторија која може да се даде на користење за ваква намена, за да може Советот на Општина Берово да ја додели на времено користење за дополнителните тренинзи на Пинг понгарски клуб Берово.
- По барање од Филип Дракалски, Советот донесе заклучок, во Буџетот на Општина Берово за 2019 година, нема предвидено средства за таа намена. Барањето да се стави на повторно разгледување, по донесување на Буџетот за 2020 година.
- По барањето на Фондација за развој на локалната заедница Штип, Советот донесе заклучок, Советот на Општина Берово го потврдува интересот за формирање на Советодавно тело во областа на локалниот економски развој и туризмот, како стратешки определби на општината.

***13. Советнички иницијативи и прашања.***

- Во делот на Советнички иницијативи и прашања, Градоначалникот Пекевски, одговори на прашањето од Советникот Предраг Монев, во врска со поставување на мерната станица, за мерење на амбиентален воздух, при при што истакна дека до сега нема поставено ваква станица, во преговори сме за поставување.

Дневниот ред беше исцрпен , Седницата заврши во 11:00 часот

Усвоен со
Бр.____________
______________ година
Берово

*Записничар,*
*Биљана Каламадевска*
_________________
(*потпис*)

М.П.

*Претседател на Совет,*
*Јован Матеничарски*
_________________
*(потпис)*